INTERCERT
system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED

Република Северна Македонија

**Министерство за труд
и социјална политика**

**Архивски број: 10-66752**
**Датум: 27.10.2021 година**

28-10-2021

**До: Фондација отворено општество - Македонија
ул. Чедомир Миндеровиќ бр.31, Општина Центар, Скопје**

**Предмет: Одговор на предлог иницијатива**

***Почитувани,***

До Министерството за труд и социјална политика доставен е допис бр. 10-6749/1 од 12.10.2021 година, од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со кој се бара да се произнесеме за релевантноста и прифатливоста на Вашата Предлог иницијатива со наслов „Измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри“, доставена на објавен јавен повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвување на Програмата за работа на Владата за 2022 година.

Предлог иницијативата се повикува на стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македининија „Успешно водење на преговори со Европската Унија“ и на стратешката цел „ унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество“, по разгледување на истата Министерството за труд и социјална политика Ве известува за следното:

Системот на социјална заштита во Република Северна Македонија, континуирано се унапредува преку спроведување на низа реформски процеси во социјалната заштита и социјалното вклучување на ранливите групи, со воведување на нови принципи и методи на работа за развивање и унапредување на социјални услуги, имајќи ги во предвид општествениот контекст, социјалните проблеми и социјалните ризици на кои се изложени граѓаните. Реформските процеси се спроведуваат со вклучување на сите засегнати страни во насока на обезбедувањето и развојот на социјалните услуги согласно принципите на деинституционализација, децентрализација и плурализција. Во унапредувањето и развојот на социјалната заштита од големо значење е партиципативното учество на сите чинители кои можат да дадат придонес во подобрување на состојбата на граѓаните изложени на социјален ризик, поради што Министерството за труд ги поддржува сите релевантни органи и институции, како и граѓански здруженија и социјални партнери кои третираат прашања од областа на социјалната заштита.

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

Со оглед дека Вашата Предлог иницијатива се однесува на потребата за измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Министерство за труд и социјална политика ја поддржува оваа Иницијативата, но потенцира дека е потребно Министерството за финансии, како непосредно надлежно министерство за оваа регулатива да се произнесе по однос на истата.

Министертвото за труд и социјална политика е подготвено да учествува во процесот на оцена на ефектите од предложените измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

***Со почит,***

**Министер,**
**Јагода Шахпаска**

Изработил:м-р Л.Штерјов
Контролирал: С.Спасовска